Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 18.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6503 | 1 | |

во 12:45

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, што го обезбедува Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, бр.10-6479/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, што го обезбедува Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, бр.10-6479/1 од 16.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 76-а ставови 8 и 9 од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, што го обезбедува Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, бр.10-6479/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 16.12.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, што го обезбедува Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, бр.10-6479/1 од 16.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6479/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека секојдневно, од 16:00 часот, во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година, на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите

на Собранието, што според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го обезбедува Јавниот радиодифузен сервис, се емитуваше бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес, поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________________
2. Слаѓана Димишкова ____________________
3. Љубомир Костовски ____________________
4. Горан Трпеноски ____________________
5. Цветин Чилиманов ____________________